## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Педагошките мерки на учениците се изрекуваат врз оснаова на Упатството за изрекување на педагошки мерки донесено од Министерство за образование и наука на Република Македонија и Статутот на училиштето.

Цел на овие мерки е спречување на повреда на должностите и неисполнување на обврските и должностите и неисполнување на обврските во согласност со Законот за средно образование.

Педагошките мерки се изрекуваат во индивидуално, во присуство на родителот, класниот раководител на ученикот и по анализа на околностите кои довеле до тоа.

На ученикот му се изрекуваат следните педагошки мерки:
- писмена опомена;
- опомена пред отстранување од училиштето;
- отстранување од училиштето.

Педагошките мерки се изрекуваат постепено, заради направени неоправдани изостаноци или дисциплински испад.

Скала на неоправдани изостаноци и соодветни педагошки мерки:

**11-14** неоправдани изостаноци- писмена опомена од класен раководител
**15-18** неоправдани изостаноци-писмена опомена од совет на паралелка
**19-22** неоправдани изостаноци-писмена опомена од директор на училиштето
**23-25** неоправдани изостаноци – писмена опомена од наставнички совет

Педагошките мерки се изрекуваат и во случај да ученикот предизвика дисциплински испад. Во тој случај се анализира извршеното дело и се изрекува педагошка мерка која соодветствува на тежината на извршеното дело.